Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 април 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Адеми Шенѓул од Тетово УП2 09-10/24 од 12 јануари 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-1325 од 13 ноември 2023 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-1325 од 13 ноември 2023 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Адеми Шенѓул од Тетово до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-10/24 од 12 јануари 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-1325 од 13 ноември 2023 година на КЕЦ Тетово, издадено поради непостоење на технички услови за приклучок на пумпа за наводнување на земјиште. Подносителот на приговорот го побива донесеното решение во целост поради тоа што не е утврдена фактичката состојба и не постои образложено детално оправдување околу техничките услови кои треба да бидат обезбедени.

Според Електродистрибуција – КП за која барателот бара приклучок е под ГУП. Во близина немаат нивна мрежа, а во иднина најблиска напојна точка би била од новопредвидена трафостаница, која по реализацијата би се наоѓала на 700 метри од парцелата на барателот.

Бидејќи во близина на барателот нема мрежа во сопственост на ЕВН, не може да се достави информација за пад на напонот, а и во околината нема потенцијални баратели на приклучок. Согласно мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, барателот ќе биде благовремено известен кога на терен ќе се обезбедат технички услови за приклучување.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 20 февруари 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-10/24 од 12 јануари 2024 година со прилог:

-Приговараното Решение

2. Одговор на Приговор и дополнителни докази од ЕВН од 25 јануари 2024 година со прилог:
-БСП-1 образец
-Имотен лист
-GIS скица
-Потврда од Општина Тетово бр. 11-10156/2 од 24.07.2023 година

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, видно од доставената ГИС скица, не постои приклучна точка во близина на парцелата на барателот КП бр.7007 КО Тетово-вон град, а се работи за неурбанизирано подрачје, видно од Потврда од Општина Тетово бр. 11-10156/2 од 24.07.2023 година дека КП бр.7007 КО Тетово-вон град, запишана во Имотен лист бр. 11378 се наоѓа Вон градежен реон на планскиот опфат согласно урбанистичкиот план ГУП за град Тетово, усвоен со Одлука бр.07-430/3 од 16.04.2023 година.

Согласно член 35 став (1) точка 2) од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (Службен весник на РСМ бр. 191/19, 101/22 и 68/24), операторот на дистрибутивниот систем ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа во случај кога не постојат технички услови за приклучување на корисникот на дистрибутивната мрежа според барањето на корисникот.

Имајќи го предвид горенаведеното се утврди дека не постојат технички услови за приклучување на објектот, односно Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–10/24**
**8 април 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и**
**услуги за управување со комунален отпад на**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**